**Известување за концентрација со која Мондштајн 511. ГмбХ (Mondstein 511. GmbH), Минхен, Германија ќе стекне контрола над алфер-алуминиум ГмбХ (alfer-aluminium GmbH), Вутушинген, Германија (предмет бр. 08-59/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **Мондштајн 511. ГмбХ** (Mondstein 511. GmbH), со регистрирано седиште на Инзелкамерштрасе 10, 82008 Унтерхахинг, Минхен, Германија ќе стекне контрола над **алфер-алуминиум ГмбХ** (alfer-aluminium GmbH), со регистрирано седиште на Индустриаштрасе 7, 79793 Вутушинген, Германија,

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Мондштајн 511. ГмбХ** е друштво со ограничена одговорност основано во мај 2023 година како друштво со посебна намена, без историја на остварена продажба/активности во меѓувреме. Мондштајн е во сопственост на СОЛ-Драј ЕуВЕКА ГмбХ & Ко КГ (SOL-Drei EuVECA GmbH & Co KG; „**СОЛ-Драј**"), приватен капитален фонд. СОЛ-Драј е трета генерација на фондови на СОЛ Капитал Менаџмент кои инвестираат во пресврти во деловното работење на компании, комплексни издвојувања и други специјални ситуации во DACH регионот (Германија, Австрија и Швајцарија).

Мондштајн е под крајна контрола и управувано од СОЛ Капитал Менаџмент ГмбХ (SOL Capital Management GmbH), со регистрирана адреса на Мулвалдплатц 3/Топ 9, 1040 Виена, Австрија („**СОЛ Капитал Менаџмент**").

СОЛ Капитал Менаџмент со неговите фондови нуди поддршка на друштва преку решенија за следбеништво, реструктуирање и одржлив развој, со обезбедување на средства за основна главнина и експертиза за реструктуирање за пресврти и развој на друштва со цел остварување на атрактивни приноси за инвеститорите. Од 2000 година, менаџерскиот тим на СОЛ Капитал Менаџмент е активен во Австрија, Германија и Швајцарија.

Пред спроведувањето на Трансакцијата, СОЛ Капитал Менаџмент нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема остварено било какви (директни или индиректни) локални приходи.

**алфер-алуминиум ГмбХ** има седиште во Германија (Вутушинген) и развива, произведува и продава профили и полупроизводи од алуминиум, не'рѓосувачки челик и пластика претежно во Европа. Алфер произведува во своето седиште во Вутушинген и во фабрика за производство во Северна Македонија. Продажбата се извршува од Германија, но и преку друштва за продажба во Франција, Италија и Австрија.

Алфер има регистрирано присуство во Северна Македонија преку неговото зависно друштво во целосна сопственост **ФЕРАЛ Механика ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Перо Наков бр. 144, 1000 Скопје, Република Северна Македонија („**ФЕРАЛ**"). ФЕРАЛ произведува широка палета на производи, како што се:

- Алати: полупроизводи, шипки со метрички навој, листови итн.;
- Градежни материјали: суви градежни профили, плинтуси и профили за поставување на подни облоги како паркет, ламинат, плочки и ПВЦ; и
- Ред и складирање: куки, шини итн.

Според подносителот релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да

се дефинира како ***пазар за производство и снабдување на производи за железарии (DIY продавници)***. Што се однесува до географскиот опфат на релевантниот пазар за концентрација, Подносителот смета дека релевантниот географски пазар би можел да се дефинира како ***територијата на Република Северна Македонија***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

**11.03.2024 година**
**Скопје**